**УДК 304.4**

**Џонатан Метју Шварц (Данска)**

# ДАЛИ „ДОБРИТЕ ОГРАДИ ПРАВАТ ДОБРИ СОСЕДИ“?: РАЗМИСЛУВАЊА ЗА СОЗДАВАЊЕТО ГРАНИЦИ ВО АНТРОПОЛОГИЈАТА[1]

*Айсшракш*: Есејов дискутира за митот за можното исчезнување на границите (државни, национални, етнички). Авторот прави споредба на теориите на двајцата антрополози, Виктор Тарнер и Фредрик Барт, во кои се содржи концептот на лиминалност при проучување на чувствителни области на општеството каде што човекот се соочува со граници или ограничувања.

*Клучни зборови*: граници (создавање / преминување / исчезнување), Тарнер, Барт, лиминалност, меѓа.

Едно време постеше мит, но со кус век, дека границите помеѓу државите ќе ослабат и, со време, ќе исчезнат. Транснационалноста ја замени интернационалноста во дискурсот или жаргонот на глобалната култура што надоаѓаше. Киберпросторот и авионскиот транспорт, како и транспортот со бродски контејнери, им дадоа нова форма на комунакцијата и на потрошувачката. На сè започна да се гледа како на „бранови што надоаѓаат“. Метафората на надоаѓање го означуваше пристигнувањето на слободата и, за најмалку еден преведувач, Францис Фукајама (Francis Fukuyama), „Крајот на историјата“ (1992).

Падот на Берлинскиот ѕид во ноември 1989 г. секако беше најубедливиот доказ за реалноста на митот, а поголемите можности за транснационални миграции изгледаа како додатен доказ за културната трансформација во глобални размери. На тој начин туризмот стана едно од полињата каде што општествените истражувања би можеле да го истражуваат спојот на егзотичните, далечните култури и на вообичаениот живот во западните метрополи. Освен тоа, терминот космополити ги претставуваше главните актери во новонастанатата „светска култура“ (за сеопфатен есеј во врска со овие стремежи види Hannerz 1990).

Според Ханерц (Hannerz), антрополозите настојуваат да го спојат глобалното со локалното, на тој начин здобивајќи се со искуство на традиционална теренска работа во близина. Меѓутоа, местата на теренската работа драматично се проме-

[1] Овој есеј е базиран на две предавања одржани на Институтот за етнологија и антропологија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во Република Македонија (4–5 април, 2012 г.). Благодарен сум на професорот Љупчо Ристески, на неговите колеги и студенти во Скопје за нивните добри прашања и коментари. Токму еден од неговите студенти го донесе концептот на лиминалност на Виктор Тарнер во дискусијата. Република Македонија е добар терен за истражувања на „границите“, а Институтот во Скопје е претворен во одлична околина за ваков тежок вид на работа. На крајот, благодарен сум на уредниците на данското списание Tidsskriftet antropologi за дозволата овој есеј да го објавам тука во малку изменета верзија.

нија, така што теренската работа стана сè повеќе лоцирана на повеќе места (multi-sited) (Marcus 1995). Дури ни планинското село изолирано од остатокот на светот веќе не може да служи како наводна лабораторија за одржливи набљудувања и анализи. Тесно поврзано со ренесансата на космополитизмот беше повторното раѓање на граѓанското општество со невладини организации во големите градски центри, но активни на „периферијата“ на поранешните комунистички држави. Штотуку опишаните зашеметувачки елементи навистина го прават митот на флуидноста и укинувањето на границите остварлив.

Поделбата на (поранешна) Југославија беше еден од првите знаци дека флуидноста на културите и на нациите воопшто не беше точна претстава за новиот светски поредок. „Балканизацијата“ одговараше повеќе, терминот сè повеќе се употребуваше во 1990-тите години, а драматичното уривање на кулите близначки во Њујорк го замагли падот на Берлинскиот ѕид. Митот на космополитска културна размена и смеса експлодираше. Сомнежите за терористички напади ги претворија меѓународните аеродроми во сè друго, освен места на непроверено движење на луѓето и културите. Дигиталните техники за погранична контрола почнаа да користат информации од киберпросторот за да спречат такво движење (Broeders 2007). Миграциите, како типична претстава за преминување на границите, започнаа да им се закануваат на метрополите што ја одобруваа сопствената вредност на граѓанско општество. Загриженоста во врска со терористички напади и странските култури силно влијае врз политиките на западните општества.

Доколку некој праша: „Како би можеле антрополозите да одговорат на сегашната ситуација?“ прв одговор би требало да биде: „Погледнете ја нашата сопствена историја на теории“. Како се замислуваат и поставуваат во различни теоретски модели границите и преминувањето преку нив? Како пробен одговор, доколку бев на устен испит на постдипломски студии, би го ограничил мојот одговор на споредба помеѓу двајца мислители: Виктор Тарнер (Victor Turner) и Фредрик Барт (Fredrik Barth).

Двајцата антрополози се интересираат за чувствителни области на општеството каде што човекот се соочува со граница или ограничување. За Тарнер, лиминалната состојба е онаа на ритуалната трансформација. Анализата на Тарнер е позиционирана во средишната, двосмислената област на communitas во обредот на премин. Лиминалноста е состојба на лимбо, „ни ваму, ни таму“, во поранешна и идна „структура“ (Turner 1967). Преминувањето на границата кај Тарнер, што во суштина е преминување на прагот, се остварува со купување билет во еден правец. Речиси е невозможно човек да се врати таму од каде што тргнал, тоа е вистински „мит за враќањето“. Антрополошките проучувања на миграциите понекогаш се засноваат на теоријата на обредите на премин како објаснувачки модел. Тарнер, секако, е заинтересиран за животните циклуси на човекот од раѓање, до зрела доба, родителство и смрт. Овие периодични фази на животниот циклус јасно покажуваат еднонасочен процес на преминување на границата. Секако, една од најважните разлики што Тарнер ја прави е онаа помеѓу церемонијата и обредот, со тоа што првото се поврзува со општествените сеќавања, а второто е трансформација на човекот, означувајќи го влезот во заедницата како нејзин член. Додека церемонијата може да се повторува дневно или годишно со цел да се одржи и зајакне членството, обредниот премин е единствен настан во еден правец.

„Церемонијата“ на Тарнер е слична на објаснувањето на Фредрик Барт за „етничките групи и границите“ (Barth 1969). (Тарнер и Барт ги презентираа своите впечатливи идеи на крајот на 1960-тите, период што се карактеризира преку огромната трансформација кај западните општества).

Во теоријата на Фредрик Барт се говори за трансакции, не за трансформации. Неговиот фокус е ставен на поединецот во процесот на запознавање со другите, кои се или не се членови на истата група. Препознавањето на другиот во специфична ситуација создава нешто што би требало да биде нормална работа. Идентитетот, тогаш, е повеќе ситуациски отколку суштински, и покрај тоа што многу членови инсистираат на основната реалност на нивното етничко, национално битие. Барт, во една негова позната реченица (стр. 15), зборува за одржувањето на етничките граници, „не само со работите што границите ги содржат“ (доколку моето памтење на текстот е точно). Едноставен, и убедлив, начин на споредување на Тарнер и Барт е разликата помеѓу „rite de passage“ и „right of passage“ [право на премин] (Ентони Коен (Anthony Cohen 1996) ги антиципираше хомонимите rite и right [право] во трудот: “Personal Nationalism: a Scottish view of some rites, rights, and wrongs”, American Ethnologist 23 (4), 802–815, но мојата игра со зборови се разликува од таа на Коен).

Со цел да ја одржам мојата споредба помеѓу Тарнер и Барт, со оглед на тоа дека тие се допирни, а не поларни спротивности, би забележал дека двајцата разговараат за границите како потенцијално опасни зони, без разлика дали тие се обредни или договорни и променливи. Трудот на Сандра Волман за „границите на расата“ (Wallman 1978) е многу релевантен поради воведувањето на поимот интерфејс[2]* во студиите за границите. Волман забележува дека поимот интерфејс бил употребуван од страна на сообраќајни инженери за опишување на приклучувањето на автомобилите и камионите на модерен автопат. Оваа ситуација на менување ленти, влез и излез на автопатот, бара максимално внимание од страна на возачите што брзо мораат да ги толкуваат и разберат постапките на другите возачи за да избегнат судир. Волман на тој начин пронаоѓа метафора во интерфејсот на автопат за трансакциите на Барт помеѓу членови на различни етнички групи, но Волман, исто така, укажува на важноста на „среќавањата“. Концептот на интерфејс, исто така, поттикнува интерес за интраетничките односи, како и за меѓуетничките односи. Како членови од „иста група“ се среќаваат меѓу себе и одбегнуваат меѓусебни судири? Дали му е на некој дозволен „излез“ од групата и повторен влез подоцна? Во овој контекст, интерфејсот предлага вкупно најмалку четири видови односи за истражување. Секоја страна од границата има додатни внатрешни граници. Тоа значи дека „правата на премин“ во случај на интерфејс се прошируваат врз дискусијата на Фредрик Барт за „етнички групи и граници“. Потенцијалната опасност на местото на интерфејс на некој начин го вклучува фокусот на Тарнер на обредите на премин, буквално транзицијата, како и трансакцијата.

Оваа споредба помеѓу Барт и Тарнер, со помош на посредувањето на Волман, доведува до пословичната изјава на фармерот од Њу Ингланд до Роберт Фрост (Robert Frost), на соседот до поетот: „Добрите огради прават добри соседи“. Насловот на песната на Фрост е „Крпење ѕидови“, а поетот во ова дело раскажува како

[2] Интерфејс во смисла на простор каде што субјектите заемно се поврзуваат и заемно дејствуваат (заб. на прев.).

тој и неговиот сосед секоја пролет го поправаат оштетувањето на камениот ѕид што ги дели нивните имоти. Иронично, причината на оштетата е името на самиот поет: Фрост (Мраз)! (По мое мислење македонскиот збор за ваков ѕид е меѓа, а не вообичаениот збор граница, кој често се однесува на државните граници. Терминот е исто така сличен со скандинавскиот термин за граница – grænse). Роберт Фрост тврди дека нема основана причина за поправање на ѕидот. Двата сопственика одгледуваат различни растенија: „Тој е целиот со бор, а јас сум јаболкова градина". Забележете како Фрост остварува идентитети преку градините. Зошто двајцата да не се спасат од макотрпната работа на крпење на ѕидот? Сепак, не, фармерот го добива случајот, и двајцата, како што би рекол Тарнер, церемонијално, се среќаваат на ѕидот секоја пролет. Оттука тврдењето на победникот: „Добрите огради прават добри соседи".

Во својата поема, Роберт Фрост е истовремено раскажувач, но и учесник во трансакција. Песната е згусната етнографска теренска работа во едно село. Јас пронаоѓам поголемо присуство на Фредрик Барт отколку на Виктор Тарнер: повеќе права (rights) отколку обреди (rites). Една од најдобрите студентки на Фредрик Барт, норвешкиот антрополог Маријан Гулестад (1946–2008), ја цитира песната на Фрост во нејзиниот есеј „Симболични огради" (Gullestad 1992), па моите размислувања за границите може да се каже дека имаат најмалку уште еден претставник во антрополошката професија. Гулестад ја цитира норвешката поговорка: „Сакај го твојот сосед, но чувај ја портата".

Се надевам дека досега оваа нафрлена споредба на двата концепта на границите и нивното преминување би можела да води до понатамошно истражување и размислување. Речиси секое прашање во врска со заемното постоење го допира проблемот и одговорот со кои Роберт Фрост и неговиот сосед се соочиле. Границите можат да бидат полни со опасност, но тие, исто така, можат да ја одржуваат заемноста. Постојат голем број области со голем број граници помеѓу нив. Но, најмалку една работа е сигурна: митот за неограничената мобилност и космополитската флуидност беше краткотрајна илузија.

## Користена литература:

Barth, Fredrik, ed. 1969. Ethnic Groups and Boundaries. The Social Organization of Culture Difference. Oslo. Scandinavian University Press.

Broeders, Dennis. 2007. "The New Digital Borders of Europe: EU Databases and the Surveillance og Irregular Migrants", International Sociology. 22 (1), стр. 71–92.

Cohen, Anthony. 1996. "Personal Nationalism: a Scottish View of some Rites, Rights, and Wrongs", American Ethnologist 23 (4), стр. 802–814.

Frost, Robert. 1993. Selected Poems. New York. Barnes and Noble Press.

Fukayama, Francis. 1992. The End of History and the Last Man. New York. Penguin books.

Gullestad, Marianne. 1992. “Symbolic Fences”. Во: The Art of Social Relations. Oslo. Scandinavian University Press.

Hannerz, Ulf. 1990. “Cosmopolitans and Locals in World Culture”. Во: M. Featherstone ed., Global Culture: Nationalism, Gobalization, and Modernity. London. Sage.

Marcus, George. 1995. “Ethnography in/of the World System. The Emergence of Multi-Sited Ethnography”, Annual Review of Anthroplogy 24, стр. 95–117.

Turner, Victor. 1967. The Forest of Symbols: Aspects of Ndembu Ritual. Cornell University Press. Ithaca.

Wallman, Sandra. 1978. “Boundaries of Race: Processes of Ethnicity in England”, Man 13(2), стр. 200–218.